# АНТОНИ МАЗНЕВСКИ
## С Л И К И
# ANTONI MAZNEVSKI
## P A I N T I N G S

12.03.-24.03.1992

Пред нас, за прв пат групно се изложени работите на Антони Мазневски, за кои може да се утврди јасна и доследна тематска и ликовна определеност. На дваесетина платна во масло, се прикажани мотиви работени според урнеци: телевизиска тест-слика, шаховско поле, страница од книга, кич-картичка, пин-ап календар и др. Веднаш ни се поставува прашањето-зошто некој воопшто тоа би го сликал? Како да го објасниме фокусот токму на банални урнеци кога секојдневно до бесвест со нив сме опкружени? Делумен одговор може да се најде во веќе познатата вистина дека преставата за светот е секогаш нешто релативно и обусловено и дека секој предмет има многу лица, и никогаш не е еднозначен. Една од големите цели на уметноста секогаш била "да се проникне надворешниот изглед со неговите главни и споредни ствари, со поглед да се разори и повторно согради, така, да единственото, најдлабокото битие се означи со карактеристичните акценти". Тоа вистинското "битие" на стварите се откривало во текот на работата која од зададената, надворешна појава на моделите, односно содржините, многу бавно проникнувала во длабочината. Од 19 век меѓутоа, кога во светот на импресионистите почнал да се разградува или кога како кај Сезан почнал да се сложува според новите интелектуални конвенции, фиксирањето на мотивот на платното кое може да се идентифицира и етикетира, престанува да биде актуелно. За сите новатори на модерната уметност, мотивот на сликата е претекст, ослонец на имагинацијата кој и помага да ги пронајде и афирмира карактеристиките и значењето на предметот во сликата, кои го одредува уметниковиот сопствен став во однос на светот

и уметноста. Како дефиниција на општеството од страна на уметникот или, како симболизација на партикуларната или универзална судбина, или едноставно како анализа на ликовни проблеми, предметот во сликата не е ништо друго туку носител кој му помага на уметникот да ги екстериоризира своите настојувања и своите погледи. Така и "изразот" на предметите кај овие дела на Мазневски не е баран, туку тој е најден со помош на склоноста кон сликарската појава и, уште повеќе, сликарскиот проблем. Првенствено на овие слики се чита творечката постапка, повторното именување на работите и повторното потврдување на нивната егзистенција, на случајно одбраните мотиви, кој од морето на слични, го издвојува специфичниот вкус граден врз благата иронија, понекогаш и персифлажа, и кој барем во основната интенција на редок начин се вклопува во богатата традиција на попартизмот. **Поповиќ Мирослав**





5


ДЕКЕМВРИ

**АНТОНИ МАЗНЕВСКИ**
Роден 1963 година во Скопје. Факултет за ликовни уметности завршил во Скопје 1991 година. Адреса: ул. Мите Богоевски 73, 91000 Скопје тел: 091/414-639
**Групни изложби:**
1991, Скопје, Галерија на Домот на ЈНА,
Дипломирани студенти 90/91
1991, Риека, Биенале на младите
1991, Скопје, Музеј на современата уметност, Биенале на младите

**ANTONI MAZNEVSKI**
Born 1963 in Skopje. Graduated from the Academy of Fine Arts in 1991 in Skopje.
Adress: Mite Bogoevski 73,
tel. 091/414-639
**Group exibitions:**
1991, Skopje, Galerija na Domot JNA,
Graduated students 90/91
1991, Rijeka, 16 Youth Biennial
1991, Skopje, Muzej na sovremenata umetnost,
3 Youth Biennial

ЕКСПОНАТИ:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.Љубовно писмо | '91, | масло на платно, | 60 x 70 |
| 2.Љубовно писмо | '91, | масло на платно, | 60 x 70 |
| 3.Страница | '91, | масло на платно, | 40 x 60 |
| 4. 2 страници | '91, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 5. Жел. станица | '91, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 6. Календар '91 | '91, | масло на платно, | 104 x 126 |
| 7. ТВ тест II | '90, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 8. ТВ тест I | '90, | масло на платно, | 91 x 105 |
| 9. Шах 12 | '91, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 10. Шах 2 | '90, | масло на платно, | 90 x 90 |
| 11. ТВ тест IX | '91, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 12. ТВ тест X | '91, | масло на платно, | 41 x 46 |
| 13. ТВ тест XI | '91, | масло на платно, | 41 x 46 |
| 14. Календар '92 | '92, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 15. Кал. во пазл | '92, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 16. Пин-ап кал. | '92, | масло на платно, | 100 x 120 |
| 17. Пазл | '92, | масло на платно, | 90 x 90 |
| 18. ТВ тест XII | '91, | масло на платно, | 95 x 95 |
| 19. Шнит | '91, | масло на платно, | 70 x 90 |

издавач: културно-информативен центар, скопје; одговорен уредник: олга поповска; организација: теофил шулајковски; гордана хаџи-николова; љупчо маленков; предговор: мирослав поповиќ; фотографии: гоце тунтев; ликовно обликување: драган петковиќ; компјутерска припрема:; дарко николовски; печат: феникс-табак; тираж: 300

publisher: kulturno-informativen centar, skopje; editor in chif: olga popovska; organizations of the exibition: teofil šulajkovski; gordana hadži-nikolova; ljupčo malenkov; forward: miroslav popović; photographs: goce tuntev; lay-out: dragan petković; computer preparation: darko nikolovski; printed by: fenix-tabak; 300 copies

спонзор: бутик BELLA скопје